**Културата и новите економски мерки**

**Милан Братец**

# Неопходност на минимум културен стандард

БЕЗБРОЈ ПАТИ сме ги повториле нашите определби за културата како хумана и ослободувачка димензија на работното и животното секојдневие на луѓето: за самоуправно преобразената култура која на културните работници им отвора пошироки можности — на нови и единствени општествено економски основи — да дадат рамноправен придонес во материјалниот и духовниот напредок на општеството; за културното творештво како составен дел на револуционерните и општествените промени.

Нашата стварност како да ги заборава овие определби. Организационите и системските претпоставки за слободна размена целосно изостанаа. Културните дејности никако да бидат доведени во рамноправна положба со другите форми на труд. Традиционалната култура ја има сочувано својата институционална затвореност, а довчерашните облици на буџетско финансирање сега се заменети со еден нов вид статистичко-административно посредување.

Во услови на несоодветен раст на националниот доход (кој предизвикува пореметување во општествената репродукција), како да се отфрла определбата за придонесот на општествените дејности, а меѓу нив знаењето и културата, кон поголемата продуктивност, поголем доходок. Издвојувањето за општите општествени и заеднички потреби се доведуваат во зависност од материјалната способност на стопанството, работните луѓе и граѓани. А бидејќи тие издвојувања се веќе повеќе години зголемени над стапката на растот на општествениот производ, не на националниот доходок, туку на доходокот на *општественото стопанство* (ова е нов критериум), нужно е тие да се сведат во реални рамки.

Како да се постигне тоа?

Со ограничување на средствата за општите општествени и заеднички потреби и тоа со примена на интервентни мерки.

Колкави се, всушност, буџетските издвојувања кај нас? Колку од општествените пари се насочуваат кон задоволување на таквите заеднички потреби како што се образованието, детската заштита, здравството, културата, науката? На ова прашање треба да се одговори што е можно попрецизно зашто постојано се среќаваме со синтагмата „општа и заедничка потрошувачка".

Се чини објективен еден критериум, што нерадо се користи во нашите анализи. Станува збор за изделување на средства — по жител.

За потребите на здравството, образованието, детската заштита, културата и науката, значи за пет општествени дејности, земени заедно, се изделуваат 184.630 динари по еден жител на Југославија. За буџетската потрошувачка, пак по еден Југословен, биле наменети 205.400 динари. Сето тоа во 1987 година. Меѓутоа, тука се споредуваат средс-

тва исклучиво наменети за буџетите, но не и оние приходи на општествено-политичките заедници од кои значаен дел се насочува во стимулирање на производството, извозот, развојот на недоволно развиените подрачја. А дури во 1989 година почна да се зборува за рационализација на управата; дури сега се пристапува кон донесување мерки за намалување на бројот на вработените, при реорганизација на одделни секретаријати и комитети, иако буџетот одсекогаш бил многу значаен корисник на општествените средства.

Во „Анализата за состојбите во општествените дејности и резултатите во остварувањето на нивните функции со посебен осврт на интервентните мерки", која на 21 јули 1988 година беше разгледувана на седницата на Сојузниот извршен совет, запишано е дека задоволувањето на заедничките потреби се врши исклучиво преку самоуправните интересни заедници на општествените дејности. Тука треба да се нагласи дека и пензиското и инвалидското осигурување се третираат како општествена дејност, место да бидат искажани како *лична потрошувачка*, како што тоа го бара општествениот план на Југославија од 1986 до 1990 година.

Зошто зборувам за ова?

Затоа што во 1981 година изворните приходи на самоуправните интересни заедници на општествените дејности во националниот доходок на Југославија учествувале со 10,97 отсто, а средствата на социјалната сигурност (пензии и инвалиднини, социјална заштита и вработување), со 7,50 отсто. Во 1987 година, изворните приходи на заедниците на општествените дејности учествуваат со 16,16 отсто во националниот доход на вкупното стопанство на Југославија. Приходите на самоуправните интересни заедници за пензиско-инвалидско осигурување, социјална заштита и вработување во истата година, партиципираат во националниот доходок со 9,91 отсто или за 2,41 отсто повеќе од партиципацијата во претходната година.

СРЕДСТВАТА ЗА финансирање на дејностите на организациите на здружен труд од здравството, детската заштита, школството, културата, науката и физичката култура, речиси се изедначени со средствата на самоуправните интересни заедници на социјалната сигурност. Оттаму и заклучокот дека, сѐ додека пензиите и инвалиднините се третираат како заедничка, а не како лична потрошувачка, положбата на општествените дејности ќе биде неточно претставена. Пензиите секогаш ќе го следат зголемувањето на личните доходи на вработените, додека стопанството постојано ќе инсистира на помали оптварувања и изделувања од својот доход. Ограничувања ќе се вршат, но на сметка на здравствените, образовните и културните потреби.

Поради познатите тешкотии во стопанството, речиси една деценија наназад, средствата за финансирање на дејностите од културата се под постојано ограничување. Законите за времената забрана на располагање со делот од општествените средства на општествено-политичките заедница и самоуправните интересни заедници на општествените дејности за потрошувачката во 1987 и 1988 година, се посебно рестриктивни. Во годишните резолуции беше запишана општествената определба за нужност од поголемо учество на граѓаните во финансирањето на овие услуги.

Меѓутоа, годишните извештаи на самоуправните интересни заедници на културата укажуваат на еден загрижувачки факт: сите организации на здружен труд кои доходокот го стекнуваат со слободна размена во рамките на тие заедници, принудени се да ги смалуваат своите програми: материјалните трошоци не ги следи соодветен прилив на пари; дел од активностите се остварува и на сметка на личниот стандард на вработените.

Што ја условува висината на општествените издатоци за задоволување на културните потреби на населението? Можностите на здружениот труд и вработените во него од својот доходок и од личните доходи да ги обезбедуваат неопходните пари. Улогата на посредник, но и на пресудувач, денес ја врши државата по пат на интервентни закони. Со ограничувањата на стапката на растот на приходот, секогаш оди и барањето за рационализација во културата. Но рационализацијата е условена со нивото на задоволување на културните интереси. За жал, сеуште никој не го истражил, утврдил, ниту општествено не го верификувал соодветниот обем на културните потреби на одделни слоеви население, зависно од степенот на општествената и економската развиеност на средините во кои живеат работните луѓе и граѓаните.

Имено, мора да постои еден минимум културен стандард што општеството му го обезбедува на своето население, ниво под кое не може да се оди, независно од степенот на развиеноста на една средина. Се работи за минималниот обем на користење книги, посета на театарски претставни, филмски проекции, музички приредби, аматерско занимавање со уметности, посети на изложби од разни видови. Тоа се разбира не значи дека во сите средини треба да се отвораат библиотеки, музеи, галерии, театри. Но тој минимум претпоставува „култура на тркала", или поточно патувачки театри, организирани посети на музеи, библиобуси. Таквиот минимален стандард мора да има своја цена, како што општествено верификувана цена мора да има нивото на културните потреби на развиените и неразвиените средини.

Значи, минималните културни потреби претставуваат граничник под кој во планирањето на општествениот развој и материјалните биланси не би смеело ниту не би можело да се оди. Повисокиот ниво на културни потреби неизбежно би претпоставувал пого-

лемо материјално богатство на општеството. Значи, не интервентните закони како толкувач на интересите и заштитник на здружениот труд во стопанството, туку минималните културни стандарди на работните луѓе и граѓани, би ја определувале висината на општествените вложувања во културата.

Место тоа се среќаваме со стеснување на кругот на корисниците на културните добра. Од организациите на културата се бара неопходните средства, во поголем обем, да ги стекнуваат од корисниците, како што од осигурениците во здравството се бара партиципација во трошоците на дадените услуги. Зарем не е на дневен ред и расправата за воведување надомест за образование? Во културата тоа ќе доведе до раслојување на нејзиниот аудиториум: таа ќе им стане достапна на оние кои можат да ја платат, а тоа не е интересот ниту на една, а најмалку на самоуправната културна политика.

ДЕВЕТ ДЕСЕТИНИ од сите издатоци на заедниците на култура барем кога е во прашање југословенскиот просек, се наменуваат за културни програми, било тие да се реализираат во рамки на установи на култура, културно-уметнички фестивали, аматерски движења. Со овие средства се поттикнува меѓурепубличко-покраинската соработка, се финансира во целост или со поголем дел меѓународната културна размена, се потпомагаат сите видови творештво.

Меѓутоа, најголемиот дел од овие општествени вложувања им беше наменет на музеите, галериите, библиотеките, за заштитата на културното наследство, сценската и музичката уметност. Се работи за дејности кои на пазарот не можа да остварат цена која би ги покрила нивните трошоци. Во свеста на нашите планери, да не кажеме администрација, владее уверување дека за овие содржини се интересира само мал број, луѓе што не е точно. Навистина, кај нас не било никогаш направено испитување што би помогнало да се определи големината на аудиториумот, бројот на корисниците на услугите што ги даваат културните установи. Можеби тоа намерно не се прави. Одговорите што би се добиле би ја покажале широчината на интересирањата, но на општеството би му создале и обврска тие интереси да ги задоволува.

Не може да се очекува и во овој, многу скапоцен сегмент на културата, граѓанинот да биде главниот финансер. Да не заборавиме — култура се и некои дејности како: издавачка, филмска, продукција на плочи и касети, печат, радио-телевизија, естрада — кои исклучиво или во најголема можна мерка го остваруваат приходот на пазарот, од населението. Би било премногу да се очекува посетителите и корисниците позначително да ги финансираат музејските активности, библиотечкото позајмување, културно-образовната дејност на работничките и народните универзитети, домовите и центрите на културата, како што е и премногу малку и недоволно со износот што во националниот доход на вкупното стопанство на Југославија не достига ниту половина од еден отсто, да се искажува општествениот интерес за развој и унапредување на културниот живот на работните луѓе и граѓани на оваа земја.

На ваквите ставови им се спротивставува оценката за премногу широката и нерационалната мрежа на културни институции. Во веќе спомнатата „Анализа за состојбата во општествените дејности. . .“ се укажува дека не се смалени постоечките права на корисниците, ниту дека дошло до спојување на одделни институции. Екстензивноста во развојот не се надминува, не се рационализираат административните работи, иако сето тоа би ги амортизирало последиците од ограничувањето на растот на приходите на одделни општествени дејности.

Нема сомнение, сè е подложно на испитување, па и постоечкиот културен погон. Сигурно е дека со обединувањето и модернизацијата на административните, техничките и другите работи во библиотеките, музеите, театрите, особено во поголемите градови, можат да се остварат значителни заштеди. Во Загреб со години здружените библиотеки дејствуваат како единствена организација. Во Белград, на сериозни отпори наидува проектот за интеграција на 17 општински во една единствена библиотека на градот Белград. Секој обид за обединување на сродни или слични работи во културните институции предизвикува отпор на вработените во нив, како да се работи за укинување а не за рационализација на дејностите.

Како пример на нерационалност често се истакнува податокот дека имаме 159 сценско-музички организации на здружен труд. Толкав број театри (иако меѓу нив има и неколку полуаматерски), толку симфониски и други професионални состави тешко би можела да ги финансира и некоја земја со многу поголем национален доход по жител. Само, тука се губи од предвид непотполноста на општествената евиденција. Кај нас нема толку театри, а уште помалку толку филхармонии или поголеми оркестарски состави. Во оваа подгрупа статистиката ги „вградила“ и „Белградската естрада“, Дубровничките летни игри, „Далмација концерт“, Фестивалот на малите и експериментални сцени, сите музички продукции на радио-,телевизиските станици, сите основни организации на здружен труд во рамките на одделни театри, Стерииното позорје во Нови Сад, републичките центри за културно-уметнички дејности, „Југоконцерт“ и многу други. Благодарејќи на статистичката непрецизност се среќаваме и со неточен број на културно-образовните установи, меѓу кои се наредени и многуте културно-уметнички друштва особено во Босна и Херцеговина.

Овие два примера без сомнение говорат за неопходноста од преспитување на постоечката класификација на дејностите во културата, за да може да се пристапи кон рационализација на постоечката мрежа со цел на нејзина поголема ефикасност.

Покрај ова, потребно е да се издвојат радио-телевизиските станици и претпријатијата за прикажување на филмови, кои во целост стекнуваат доход со наплата на своите услуги на граѓаните или на стопанските организации (економско пропагандни пораки и слично). Такви организации во 1987 година имаше повеќе од 200, со 23.000 вработени.

Тоа значи дека во 1.651 установа од културно-образовните и уметничките дејности, како и во институциите на културните добра, кон крајот на декември 1987 година бил вработен 35.721 работник. Во однос на претходната година бројот на организациите е намален за 39, а бројот на вработените зголемен за 1.653 работници. Поинакво прашање е дали постоечкиот број на уметнички, стручен, административен и помошен персонал ја претставува вистинската мерка. Меѓутоа, бројот на нововработените е дури под нивото на природната замена на постоечките кадри (заминување во пензија и друго).

Сето ова го истакнувам за да ја нагласам и потребата за прецизно определување на мрежата на културни установи и бројот на вработените во нив, со отстранување на сето она што ја заматува вистинската слика и не придонесува кон водењето на адекватна културна политика и кон таков систем на финансирање на активностите кој ќе ги почитува определбите за приоритет на дејности во уметноста и културата.

Самоуправните интересни заедници на културата на сите нивоа издвоиле 204 милијарди за финансирање на програмата на севкупната култура во републиките и покраините. Овие таканаречени средства за слободна размена се оние издатоци со кои општеството го финансира остварувањето на утврдената културна политика. Тоа навистина се општествени вложувања во културата. Ќе се рече: и средствата на организациите на здружен труд од стопанството претставуваат облик на општествено вложување. Тоа е точно, но тешко е да се каже кои износи се осигурани со непосредно договарање и согласување на организациите од стопанството и од културата.

Значи, вкупните нето општествени вложувања во програмите на установите на културата, ако може така да се рече, изнесуваат 72 милијарди динари, што е за 37 милијарди помалку од сумата која граѓаните на Југославија, во таа иста година, ја потрошиле само за дневен печат. Со други зборови, малку помалку од две илјади установи за своите програми во 1987 година приходувале износ кој во националниот доходок на Југославија учествува со 0,16 процентни поени. Истовремено, придонесите од личните доходи на вработените, како и од доходот на организациите на културата за задоволување на општите општествени и заеднички потреби, учествуваат во националниот доходок на оваа земја со 0,23 отсто. Тоа значи дека институционалната култура повеќе пари му враќа на општеството отколку што добива од него.

Голема вистина е дека сите вработени мораат да дадат свој придонес во развојот и унапредувањето на општествените дејности, социјалната сигурност, но и во задоволувањето на општите општествени потреби. Меѓутоа, во расправиите многу често се заборава дека и работниците во здравството, образованието, науката, културата, ја извршуваат таа обврска. Го пресметавме односот меѓу даденото и примeнето. Видовме дека за културата тој однос е многу неповолен.

Организациите на културата и уметноста, иако свртени кон луѓето, најмалку се потпираат на нив кога се планираат потребните средства. Точно е дека ниту еден посетител не може да ја плати комерцијалната влезница за една театарска или оперска претстава, концерт на симфониски оркестар или голема музичка поставка. Меѓутоа, трагично е што овие институции во крајните корисници не гледаат можен финансиер на барем еден дел на нивната програма.

Иако големите музејски поставки се многу вносна работа, ретко кое е подготвено да ризикува со нивната организација. Освен Музејскиот простор во Загреб, ниту една музејска установа кај нас и не размислува за ангажирање на способни организатори кои музејскиот маркетинг би го подигнале на повисоко ниво, би ја разбудиле неопходната љубопитност за значајните изложби и би обезбедиле поголем приход од посетите, продажбата на каталози и слично. Повеќе од чудно е дека библиотеките, кои се првенствено свртени кон читателие, на нив најмалку сметаат. Кај нас не се ни помислува дека би можела да се воведе соодветна надомест за читање на некој актуелен роман, збирка раскази, мемоари. Се заборава на листите на чекање што постојат во поголемите библиотеки за многу книжевни и други остварувања. А тие се јавуваат затоа што бројот на расположивите примероци на тие книги не е доволен за да се задоволи големиот интерес што владее за таквото четиво. Сосема е сигурно дека читателот ќе биде подготвен да плати соодветен износ за да дојде до книгата што нему му е важно, што е многу поефтино отколку да го купи самиот роман што само еднаш ќе го прочита. Кога оваа практика би се вовела барем во најголемите популарни библиотеки, резултатите бргу би се виделе. Веруваме дека тие

би ја потврдиле, а не оспориле, исправноста на ваквата ориентација.

Нашето лажно чистотништво, тоа вообразено рамнодушие, придонесе никој сериозно и систематски да не се занимава со следење и проучување на давачките од семејните буџети. Затоа и не се знае кои, какви и колкави се можностите на населението за финансирање на определени културни програми. За љубов на вистината, мораме да кажеме дека институтот на слободна размена кој, божем, се остварува во рамките на самоуправните интересни заедници на културата, не придонесе за еден чекор кон утврдувањето на реалната и општествено признаната економска цена на една драмска, оперска или балетска премиера, а уште помалку го услови одредувањето на бројот на изведби на поставеното драмско, оперско или балетско дело како прифатлив критериум за општествено вложување во определен уметнички проект. Тоа услови да изостане вистинското, а не претпоставеното мерење на одекот на овие програми кај публиката, односно предвидување на учеството на посетителите во финансирањето на понудениот репертоар.

Живееме во време на информатика и компјутеризација, но многу тешко доаѓаме дури и до основните показатели за давачките на работните луѓе и граѓани за многу културни и забавни соджини. Некои од тие давачки претставуваат значајна новина, но и преокупација не само на младите, туку и на нивните семејства. Таа новост има и своја висока цена која допрва ја насетуваме. Видеотеките, тие собиралишта на сè побројни вљубеници во филмската уметност, работат исклучиво на комерцијална основа, а никнуваат како печурки по дожд. Недостигаат целосни информации за вистинскиот промет на белетристички и стручни дела. Ниту една статистика не се согласува кога се работи за тиражите на продадените плочи и музички касети.

Изворите користени при изработката на „Материјалните биланси на културата" кажуваат дека жителите на нашите републики и покраини за купување трајни културни добра — книги, учебници, плочи и касети, весници, за сите услуги од установите на културата, како и за некои видови разонода, во 1987 година потрошиле повеќе од илјада милијарди нови динари или пет пати повеќе од сумата што самоуправните интересни заедници на културата ја намениле за културните програми, за меѓурепубличко-покраинската соработка, меѓународната размена и поттикнувањето на уметничкото творење. Во одделни средини тој однос е уште понеповолен. Во Босна и Херцеговина, на пример, личната потрошувачка во културата е девет пати поголема од средствата на слободна размена; во Србија надвор од покраините работните луѓе и граѓаните трошат седум пати повеќе пари за задоволување на своите културни потреби отколку што заедниците на културата на таа република вложуваат во програмите со институционална и вонинституционална културна содржина. Во Словенија е најповолен односот меѓу личната и општествената „потрошувачка" во оваа област; давачките на жителите на оваа република се 2,9 пати поголеми од средствата на слободната размена од самоуправните интересни заедници на култура.

РАЗВИЕНОСТА на културниот живот зависи од економската основа на пошироката општествена заедница. Меѓутоа, вистина е дека и во постоечките материјални услови давачките за културата воопшто и за услугите на културните установи посебно, имаат многу позначајно место во скалата на човековите потреби од она кое културата, како дејност од исклучителен интерес, го добива во општествените планови за развој и во мерките на општествено-економската политика кои тој развој треба да го овозможат. Со други зборови ,ако се цени според човековата спремност да изделува за културата значителни средства од сопствениот и од семејниот буџет, произлегува дека таа е многу повеќе дел од неговиот живот отколку што општествената заедница е подготвена да прифати такво значење на културата, ако тоа прифаќање се мери со висината на општествените вложувања во фундаментални културно-уметнички дејности.

Сигурно е дека во годините што следат и овие установи ќе мораат, со еден дел, да бида свртени кон пазарот, кон приходите од корисниците, и тоа во значително поголема мерка отколку во изминатата деценија. Не само поради приливот на пари од овој извор, туку и за да со тие средства ја мерат големината на својот одек меѓу работните луѓе и граѓани, силата на своето влијание.

Длабоко сме уверени дека уделот на општествените изделувања за задоволување на заедничките потреби, во вкупниот општествен производ, мора да биде во зависност од висината на тој производ на една република, односно покраина. Место глобални ограничувања, за секоја општествена дејност одделно неопходно е да се утврдат можните граничници. Најниската можна стапка за културата би била 0,50 отсто од учеството во општествениот производ на вкупното стопанство, под услов општествениот производ по жител на таа република, односно покраина, да изнесува 2.000 долари. Секое зголемување на општествениот производ би имало за последица поголеми општествени изделувања за работење на оние културни и уметнички институции кои секаде во светот се некомерцијални и високо дотирани.

Тоа, а не претпоставените можности на стопанството во толкувањето на интервентните закони, би требало да бидат критериумите за висината на општествените вложувања во програмите на културата.